Машински факултет
Број 02-641/3
29.8.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019 и 635/2022), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Реферaтот за избор на два соработници во соработничко звање – асистент во научната област 21424 Друго (Заварување и заварени конструкции) во Институтот за заварување и заварени конструкции на Машински факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 39-та редовна седница одржана на 29.8.2023 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во соработничко звање асистент

М-р Александра Крстевска дипл.маш.инж., се избира во соработничко звање асистент во научната научната област 21424 Друго (Заварување и заварени конструкции) во Институтот за заварување и заварени конструкции на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за време од три години.

## О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 9 мај 2023 година, распиша Конкурс за избор на два соработници во соработничко звање асистент во научната област научната област 21424 Друго (Заварување и заварени конструкции) во Институтот за заварување и заварени конструкции.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На Конкурсот, се пријавија м-р Мартин Петрески и асс. м-р Александра Крстевска, асистенти на Машински факултет.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 29 август 2023 год., изјаснувајќи се по предлогот во Реферaтот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје број 1286 од 15 јуни 2023 г., со мнозинство гласови од присутните 45 од вкупно 57 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која м-р Александра Крстевска ја избра во соработничко звање асистент во научната област 21424 Друго (Заварување и заварени конструкции) во Институтот за заварување и заварени конструкции.

Одлуката да се достави до: именуваната, наставно-научен совет, општа служба - досие, сметководство и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски